Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски од другата договорна страна го раскинува договорот, должна е тоа писмено да и го соопшти на другата договорна страна најмалку 30 дена пред денот на раскинување на истиот.

Доколку Осигурувачот бара еднострано раскинување на Договорот, ќе биде должен на Договорниот орган да му плати договорна казна (во вид на штета) во висина од 5% од вкупната вредност на Договорот.

## XII КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ПОСТАПУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување, за време на реализацијата на овој Договор.

## XIII ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 15

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во РМ.

## XIV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Измени и дополнување и продолжување на договорт можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни, по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс кон овој договор, само во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки.

Член 17

Во целокупната постапка е ангажирано брокерското друштво Аурон Брокер АД и осигурувачот е должен полисите , фактурите и други документи да му ги достави на увид на брокерот и целокупната комуникација да се одвива преку истиот.

Член 18

Овој договор е изготвен во 5 еднообразни примероци од кои по два за двете договорни страни и 1 за брокерското друштво.

Осигурувач
Директор

АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ

ЈЗУ Унив. Клиника за неврологија Скопје
ВД.Директор
Д-р.Иван Барбов

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија